**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр.1403-97/4**

**Скопје,13. 02. 2008 година**

**ДО**
**ДИРЕКТОРОТ НА ОПШТИНСКО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ**
**„АЦО РУСКОВСКИ“ БЕРОВО**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Сметката основен буџет (603) на Општинско средно училиште (ОСУ) „Ацо Русковски “ Берово за 2006 година, кои се прикажани на страните од 4 до 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на ОСУ „Ацо Русковски“ Берово за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Стево Суџуковиќ, директор со неограничени овластувања до 21.12.2006 и
- Ефтим Гашчеовски, вршител на должноста директор од 21.12.2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 3 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 22.11 до 23.11.2007 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

*Овластен државен ревизор*

______________________

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.1.1. Пописот на средствата и изворите на средствата на ОСУ „Ацо Русковски“ Берово со состојба на 31.12.2006 година не е целосно извршен, спротивно на одредбите од Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, и тоа:

- во пописните листи не се внесени паричните вредности на пооделните средства;
- не е извршено усогласување со состојбата искажана во сметководството;
- опремата е без инвентарни броеви.

Како причина за таквата состојба е несоодветниот пристап кон извршување на пописот од страна на формираната пописна комисија и надлежните во училиштето.
Поради тоа искажаната состојба на постојаните средства на 31.12.2006 година не е потврдена и со целосен попис, поради што постои можност од нереално искажување на состојбата на средствата и нивните извори.
**Препорака:**

- Комисијата за попис да се ангажира за извршување на истиот согласно законските одредби од Правилникот за сметководство кај буџетите и буџетските корисници.
- Лицето задолжено за водење на сметководството да воведе инвентарни броеви на опремата.

**10.2. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба**

10.2.1. На позицијата природни богатства и други капитални вложувања и на позицијата Извори на капитални средства во Билансот на состојба за 2006 година е искажан износ 10.951 илјада денари како состојба на земјишта. За овие состојби од страна на надлежните во училиштето нема обезбедено имотен лист што е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Од тие причини ревизијата се воздржува од давање мислење за реалноста на оваа позиција во Билансот на состојбата. Непочитувањето на законските прописи придонесува за изготвување на нереални финансиски извештаи.
**Препорака:**

Одговорното лице во рамките на своите надлежности да преземе мерки за обезбедување на имотни листи за земјиштето од надлежниот орган за премер и катастер во општина Берово.

11. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.1. и 10.2., финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на сметката на основен буџет (603) на ОСУ „Ацо Русковски" Берово на ден 31 декември 2006 година, додека резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, е во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, кај Сметката на основен буџет (603) на ОСУ „Ацо Русковски" Берово остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

**Скопје 12.02.2008 година** **Овластен државен ревизор**

**ОСУ „АЦО РУСКОВСКИ„ БЕРОВО**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 ГОДИНА**
**СЕТКА 603**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2006** | **2005** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 15,578 | 16,135 |
| **Вкупно приходи** | | **15,578** | **16,135** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 15,525 | 15,423 |
| Резерви и недефинирани расходи | | 0 | 11 |
| Стоки и услуги | | 0 | 701 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.2. | 53 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **15,578** | **16,135** |
| **Вкупно расходи** | | **15,578** | **16,135** |

**ОСУ „АЦО РУСКОВСКИ„ БЕРОВО**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ 2006 ГОДИНА**
**СМЕТКА 603**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања | | 0 | 1,303 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 1,142 | 672 |
| **Вкупно тековни средства** | | **1,142** | **1,975** |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални добра и природни богатства | 4.2.1. | 10,951 | 10,951 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 102,899 | 104,314 |
| **Вкупно постојани средства** | | **113,850** | **115,265** |
| **Вкупна актива** | | **114,992** | **117,240** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | | 0 | 1,107 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.1. | 1,142 | 1,142 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **1,142** | **2,249** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 113,850 | 114,991 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **113,850** | **114,991** |
| **Вкупна пасива** | | **114,992** | **117,240** |

**ОСУ „АЦО РУСКОВСКИ„ БЕРОВО**
**ПРЕГЛЕД НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2006 ГОДИНА**
**СМЕТКА 603**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2006 година** | **114,991** | **114,991** |
| **Намалување по основ на:** | **1,141** | **1,141** |
| Амортизација | 1,141 | 1,141 |
| **Состојба 31.12.2006 година** | **113,850** | **113,850** |